Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02. 09. 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4390 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ
## од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ВИЖН-БМ ДООЕЛ Прилеп, емитуван во периодот од 4 до 10 август 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот од 4 до 10 август 2014 година, е констатирано дека Трговско радиодифузно друштво ВИЖН-БМ ДООЕЛ Прилеп:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик - во анализираната недела емитуваше 18 часа 35 минути и 10 секунди;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 7 часа 50 минути и 45 секунди, а забавната музика со 10 часа 44 минути и 25 секунди;
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, речиси вкупната музика е емитувана во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Не се емитуваше инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.